Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 декември 2024 година

Скопје, декември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2024 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, члeновите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, како и Катерина Антовска од Министерството за финансии и Саша Груевски државен советник во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2024 година

- Усвојување на Записникот од Триесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година

1. Предлог -деловник за работа на Владата на Република Северна Македонија

2. Барање за одобрување на работењето на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, со Предлог-одлука

3. Информација во врска со склучување на Договор за уредување на односите меѓу Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и извршниот член на Одборот на директори, со Предлог – одлука и текст на Договор

4. Информација во врска со Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и претседателот на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје, Државна лотарија на Република Северна Македонија и Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и заменикот на претседателот на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Државна лотарија на Република Северна Македонија, со текст на договори

5. Информација во врска со склучување на Анекс бр.1 на Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, со текст на Анекс бр.1 на Договор

6. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Националната установа Театар Комедија, Скопје)

7. Предлог – годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година

8. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2023 година

9. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Маврово и Ростуша)

10. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење

11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за банките

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи (*)

13. Предлог на закон за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор

14. Предлог на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност

15. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања

16. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа

17. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за возила, по скратена постапка

18. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка

19. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за услуги, по скратена постапка

20. Предлог на закон за изменување на Законот за таксата за привремен престој, по скратена постапка

21. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, по скратена постапка

22. Предлог на закон за изменување на Законот за туристичката дејност, по скратена постапка

23. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, по скратена постапка

24. Предлог на закон за изменување на Законот за градежните производи, по скратена постапка

25. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка

26. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка

27. Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година

28. Информација за заемот за проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“

29. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка

30. Информација во врска со доставено Известување од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliott за ангажирање на експерти во арбитражната постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница - Штип, ICC Case Number 28278/ELU

31. Информација во врска со доставено известување за поведување на спор (notice of dispute), доставено од „Фуенте Косово“ и ригистрираната подружница во Северна Македонија „Фуенте енерџи трејдинг енд ексчејнџ динамикс“ (Фуенте Динамикс) по основ на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите (БИТ), Договорот помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите (БИТ) и Договорот за енергетска повелба (ЕЦТ)

32. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ацо Петров ул.„Франклин Рузвелт“ бр.1/3 Скопје, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Сашко Петров ул.„Браќа Џунови“ бр.30, Кавадарци, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бојанче Стефанов с.Аргулица, Карбинци, Штип, со Предлог – одлука

35. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Филипов, бул. „Кочо Рацин" бр.7/2-15, Кавадарци, со Предлог-одлука

36. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Стенае просек ДОО Скопје, кеј „13-ти Ноември" бр.100, Центар-Скопје, со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДОО Кавадарци, со седиште на ул.„Шишка" бр.37 Кавадарци, со Предлог-одлука

38. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и трговија Винарска визба Лазар ДООЕЛ, со седиште на ул.Вано Ташев бр.21, Неготино, со Предлог-одлука

39. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Златко Анев, од Дреново, Кавадарци, со Предлог – одлука

40. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година

41. Информација за потпишување на Договор за грант со Европската Унија за развивање на „Супер апликација" за Република Северна Македонија, со текст на Договор

42. Информација за вклучување на Република Северна Македонија во Програмата на унијата „Граѓани, еднаквост, права и вредности", со усогласен текст на Меѓународна спогодба помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учеството на Република Северна Македонија во програмата „Граѓани, еднаквост, права и вредности" на Унијата

43. Статут на Меѓународен универзитет „Визион"

44. Барање за изменување и дополнување на Статутот на Приватната високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје

45. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН

46. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.203/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „листата на професионалните болести“ од член 40 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 94/20, 267/20, 67/22 и 79/23)

47. Иницијатива од Арбен Саити од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.200/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4 од Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/98 и 18/07)

48. Иницијатива од Васе Андриевски од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.217/24 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации, бр.51-6508/1 од 17 ноември 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.154/10)

49. Иницијатива поднесена од Друштвото за консалтинг Лански, Ганзгер, Зеќири + Партнер ДОО Скопје, застапувано од управителот Арлинд Зеќири од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.214/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 став 25 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24, 34/24, 135/24 и 185/24)

50. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.205/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 161-а став 1 во делот „Управата за животна средина“ од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22)

51. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.211/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „количества пропишани согласно со членот 14 на овој закон“, од член 29 став 1 алинеја 1 и делот „мали количини“ од членот 14 став 1 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 199/23)

52. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.204/24 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 211 став 1 точка 24 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/11, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 125/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22)

53. Кадровски прашања

54. Прашања и предлози

55. Извештај за работата на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за 2023 година

56. Годишен извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2023 година

57. Информација за арбитражна постапка водена меѓу компанијата Укрспецекспорт од Украина и Министерство за одбрана на Република Северна Македонија

58. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина

59. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година

60. Информација за издавање на државна гаранција на обврските на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О. - Скопје кои произлегуваат од Договорот за одобрување на долгорочен кредит од Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука

61. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка

62. Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, по скратена постапка

63. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година

64. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2024 година

65. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата за Инструмент помеѓу Европската Унија претставувана од Комисијата и Република Северна Македонија претставувана од Владата на Северна Македонија, за посебни аранжмани за спроведување на поддршка од Унијата за Република Северна Македонија, во согласност со Инструментот за реформи и раст

66. Предлог-одлука за измени и дополнувања на Одлуката за формирање на Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија

67. Предлог-одлука за престанување на важењето на Одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Тотова

68. Информација за Единаесеттиот и Дванаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, одржани на 23.9.2021 година и 9.3.2023 година и Информација за подготовка на Тринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 17 декември 2024 година во Скопје и хибридно, со прилози

69. Предлог - решение за формирање на работна група за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции

70. Информација за подготовка на ревидирана листа на инфраструктурни проекти во рамки на Реформската агенда

71. Информација за соработка за прашањата поврзани со интеграцијата во Европската Унија помеѓу вицепремиерката за европски и евроатлантски интеграции – министерка за правда на Украина и главна преговарачка за членство на Украина во Европската Унија и министерот за европски прашања и главен преговарач за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија, со усогласен текст на Меморандум

72. Информација за преземени дејствија на работната група за изнаоѓање на решение за воспоставување на единствен регистар на сите патнички моторни возила во државна и општинска сопственост и утврдување на начин истите да добијат специјални таблици, односно таблици во боја

73. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 ноември 2024 година и Записникот од Триесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 декември 2024 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го одложи од разгледување Предлог -деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија за наредната седница на Владата.

**Точка 2**

Владата по Барањето за одобрување на работењето на Управниот одбор и Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Договор за уредување на односите меѓу Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје и извршниот член на Одборот на директори, со Предлог – одлука и текст на Договор и согласно расправата на седницата ја усвои Информацијата и даде согласност на Договорот за уредување на односите помеѓу Акционерското друштво и генералниот директор.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијатаво врска со Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и претседателот на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје,  Државна лотарија на Република Северна Македонија и Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и заменикот

на претседателот на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа АД – Скопје, во државна сопственост, Државна лотарија на Државна лотарија на Република Северна Македонија, со текст на договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри предложениот текст на Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и претседателот на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

2. Го одобри предложениот текст на Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и заменикот на претседателот на Управниот одбор на Акционерското друштво за приредување игри на среќа, Државна лотарија на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Анекс бр.1 на Договорот за уредување на односите помеѓу друштвото и управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје, со текст на Анекс бр.1 на Договор и заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со склучување на Анекс бр.1 на Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и управителот на Трговското друштво Нафтовод ДООЕЛ Скопје.

2. Се овластува м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини да го потпише Анексот бр.1 на Договорот за уредување на односите помеѓу Друштвото и управителот на друштвото, со заклучок текстот на Анексот бр.1 на Договорот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, во делот на завршната одредба и важноста.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Националната установа Театар Комедија, Скопје).

**Точка 7**

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2024 година.

**Точка 8**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2023 година, како материјал за информирање.

## Точка 9

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Маврово и Ростуша).

## Точка 10

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за девизното работење, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

## Точка 11

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

## Точка 12

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи (*) и го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за финансии да ги достави кореспондентните табели и Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија со кореспондентна табела.

2. Текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за платежни услуги и платни системи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии.

**Точка 16**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереник Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии

## Точка 17

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за возила, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за возила, по скратена постапка, да се усогласи со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини и Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за возила, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд, Урим Ибраими, државен советник во Министерството за економија и труд и Нериман Целадини, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

## Точка 18

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија, по скратена постапка, го утврди и заклучи, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието (усогласен со Секретаријатот за законодавство).

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

## Точка 19

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за услуги, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хасим Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 20**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за таксата за привремен престој, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и м-р Беким Хаџиу, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 21**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и Беким Хаџиу, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за туристичката дејност, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и Беким Хаџиу, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 23**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, го утврди како Предлог на закон кој се донесува по скратена постапка и заклучи, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието (усогласен со Секретаријатот за законодавство).

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хаким Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и Билјана Мицковска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

**Точка 24**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за градежните производи, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници м-р Хасим Сума, државен секретар во Министерството за економија и труд и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија и труд.

**Точка 25**

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка.

**Точка 26**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

**Точка 27**

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 31.12.2024 година, да донесат сопствен Етички кодекс или да го ажурираат постоечкиот доколку има потреба, во

кој, меѓу другото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и основаат Етички комитет.

2. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 31.12.2024 година да воспостават/подобрат процесот на управување со ризици преку: подготовка/ажурирање на стратегиите за управување со ризици, соодветно документирање на ризиците од работењето во регистарот на ризици и нивните плански документи, како и подобрување на известувањето за утврдените ризици на начин што одговорното лице на институцијата ќе добива навремени информации за најзначајните ризици на министерството и институциите во негова надлежност. Воедно, при утврдување на ризиците да ги разгледуваат различните форми на ризици од корупција и истите да бидат составен дел од регистарот на ризици на институцијата.

3. Се задолжува Министерството за јавна администрација во соработка со Министерството за финансии до 31.12.2024 година, да утврди воспоставување на задолжителна работна задача и обврска поврзана со процесот на управување со ризици во актите за систематизација на работните места, за категоријата на Раководни административни службеници.

4. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да го изготват/ажурираат планот за развој на системот за внатрешна контрола за клучните процеси на финансиско управување и контрола со план за отстранување на слабостите и неправилностите и да ја следат неговата реализација во институцијата.

5. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 31.12.2024 година, да спроведат преоценување на дадените, а неспроведени препораки од внатрешната ревизија, на предлог на внатрешната ревизија соодветно да ги ажурираат евиденциите на препораките при што ќе бидат исклучени препораките кои не се повеќе релевантни/спроведливи.

6. Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 10.5.2025 година, да го известат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор за преземените активности по заклучоците.

7. Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор да ја извести Владата со „Годишниот извештај за функционирање на системот на

јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година“ за реализација на заклучоците од „Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023“.

**Точка 28**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за заемот за проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“, за седницата на Владата на Република Северна Македонија, што ќе се одржи на 24 декември 2024 година (вторник).

**Точка 29**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставено Известување од страна на адвокатската куќа Fenwick Elliott за ангажирање на експерти во арбитражната постапка која произлегува од раскинување на Договорот за изведба на Клиничка болница - Штип, ICC Case Number 28278/ELU и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за ангажирање на трите предложени експерти и тоа: (Томас Хофбауер – FTI Consulting, Анџела Остин – Corderoy LLP и Марк Вилер – Diales).

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународни договори, во рок од пет дена да ги извести правните застапници на Министерството за здравство во овој арбитражен предмет и адвокатската куќа Fenwick Elliott за дадената согласност за ангажирање на предложените експерти.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со доставено известување за поведување на спор (notice of dispute), доставено од „Фуенте Косово“ и ригистрираната подружница во Северна Македонија „Фуенте енерџи трејдинг енд ексчејнџ динамикс“ (Фуенте Динамикс) по основ на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Косово за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите (БИТ), Договорот помеѓу Владата на Република Албанија и Владата на Република Северна Македонија за поттикнување и взаемна заштита на инвестициите (БИТ) и Договорот за енергетска повелба (ЕЦТ) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем (АД МЕПСО), Националниот оператор на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје и Управата за јавни приходи да доставaт писмено известување/да се произнесат по наводите изнесени во известувањето за поведување на спор до заменикот на претседателот на Владата и министер за транспорт (претседавачот на Координативното тело) во рок од осум дена од усвојувањето на оваа информација.

2. Се задолжува Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори по добивање на писмените одговори од надлежните институции да го разгледа известувањето за поведување на спор и добиените одговори.

3. Се задолжува Координативното тело за следење на арботражни постапки произлезени од меѓународни договори да спреми и да достави до Владата на Република Северна Македонија нова информација согласно заклучоците кои ќе произлезат од состанокот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори на кој ќе се разгледа предметот.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Ацо Петров ул.„Франклин Рузвелт“ бр.1/3 Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Сашко Петров ул.Браќа Цунови бр.30, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бојанче Стефанов с.Аргулица, Карбинци, Штип, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Филипов, Бул. „Кочо Рацин“ бр.7/2-15, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги Стенае просек ДОО Скопје, кеј „13-ти Ноември“ бр.100, Центар-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, преработка, трговија и услуги Агро Кожувчанка ДОО Кавадарци, со седиште на ул.„Шишка“ бр.37 Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство и трговија Винарска Визба Лазар ДООЕЛ, со седиште на ул.Вано Ташев бр.21, Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Златко Анев, од Дреново, Кавадарци, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 40**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договор за грант со Европската Унија за развивање на „Супер апликација“ за Република Северна Македонија, со текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Договорот за грант со Европската Унија застапувана од страна на Европската комисија од една страна и Лисабонскиот совет за економска конкурентност (Лисабонски совет) во улога на координатор и Министерството за дигитална трансформација како еден од крајните корисници, од друга страна, за развој на „Супер апликација“ за Република Северна Македонија.

2. Се овластува Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, да го потпише Договорот за грант со Европската Унија застапувана од страна на Европска комисија од една страна и Лисабонскиот совет за економска конкурентност (Лисабонски совет) во улога на координатор и Министерството за дигитална трансформација како еден од крајните корисници, од друга страна, за развој на „Супер апликација“ за Република Северна Македонија.

3. Даде согласност за преземање на повеќегодишни финансиски обврски за развивање на „Супер апликација“ за Северна Македонија, во вкупна вредност од 2.200.000,00 денари без ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 1.100.000,00 денари во 2025 година и
- 1.100.000,00 денари во 2026 година.

4. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација да ги прикаже буџетските средства во буџетскиот циркулар за 2026 година, во Раздел 17001 Министерството за дигитална трансформација, програма Н, потпрограма НА, ставка 464, и средствата за 2025 и 2026 година да ги обезбеди во рамки на сопствениот буџет.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за вклучување на Република Северна Македонија во Програмата на унијата „Граѓани, еднаквост, права и вредности“, со усогласен текст на Меѓународна спогодба помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учеството на Република Северна Македонија во програмата „Граѓани, еднаквост, права и вредности“ на Унијата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меѓународната спогодба помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учеството на Република Северна Македонија во програмата „Граѓани, еднаквост, права и вредности“ на Унијата.

2. Се определува Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Меѓународната спогодба помеѓу Европската Унија од една страна и Република Северна Македонија од друга страна за учеството на Република Северна Македонија во програмата „Граѓани, еднаквост, права и вредности“ на Унијата.

3. Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да ги предвиди потребните средства за финансиски придонес за учество на Република Северна Македонија во програмата „Граѓани, еднаквост, права и вредности“ на Унијата за периодот 2025-2027 година во Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и да ги програмира до 2027 година, со следниот распоред:

-за 2025 година во висина од 30.660 евра,
-за 2026 година во висина од 25.047 евра и
-за 2027 година во висина од 40.577 евра.

4. Се задолжува Министерството за европски прашања во рок од еден месец, да ја испита можноста за кофинансирање на дел од влезниот билет за учество на Република Северна Македонија во Програмата „Граѓани, еднаквост, права и вредности“ на Унијата од 2025 до 2027 година, преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) и да го извести Министерството социјална политика, демографија и млади.

**Точка 43**

Владата го разгледа Статутот на Меѓународен универзитет „Визион“ и притоа го утврди следното мислење:

Статутот на Универзитетот се менува и дополнува со Статутарна одлука за изменување и дополнување на истиот, а со оглед на тоа што се менува и дополнува важечкиот статут на Универзитетот, Ви укажуваме на тоа дека не е потребно носење на нов статут.

Статутарната одлука треба уредно да биде потпишана и заверена со архивски број, потпис и печат.

**Точка 44**

Владата го разгледа Барањето за изменување и дополнување на Статутот на Приватната високообразовна установа самостојна висока стручна школа Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје и притоа го утврди следното мислење:

Со оглед на тоа што со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот се менува и дополнува важечкиот Статут на Бизнис академија Смилевски - БАС, се укажува на тоа дека не е потребно носење на нов статут.

Статутарната одлука е потребно номотехнички да биде соодветно уредена, со членови во кои треба да се наведат измените и дополнувањата.

Исто така, Владата на Република Северна Македонија укажува и на тоа дека, согласно член 112 став 1 точка 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21 и 58/24), само наставничкиот совет има надлежност да го донесе статутот на самостојната висока стучна школа.

## Точка 45

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН и притоа укажува, во член 1 од Одлуката да се наведе архивскиот број и датум на важечкиот статут, кој се менува, а зборовите „пречистен текст“ да се избришат.

## Точка 46

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.203/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „листата на професионалните болести“ од член 40 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 94/20, 267/20, 67/22 и 79/23) и притоа го утврди следното мислење:

Поднесената Иницијатива предлага поведување на постапка од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија за оценување на уставноста на член 40 став (2) во делот „листата на професионалните болести“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување (во натамошниот текст: Законот).

Во Иницијативата стои дека оспорената правна норма создава законски основ со подзаконски акт да се до уредува што претставува професионална болест, која е основа за признавање на права од пензиско и инвалидско осигурување. Меѓутоа, членот 40 од Законот не ги пропишува прецизно параметрите врз основа на кои ќе се пропишуваат професионалните болести. Од друга страна, постои преодна одредба на членот 244 од Законот, која пропишува дека до донесување на Листата на професионални болести и Листата на телесни оштетувања, професионалните болести и телесните оштетувања ќе се утврдуваат по листите кои се применуваат до денот на влегувањето во сила на Законот.

Констатираната состојба, според Иницијативата, придонесува на недоволен и нејасен начин да се пропишуват професионалните болести и на арбитререн начин да се пропишуваат одредени болести како професионални, додека други не. Ова создава правна празнина, што е спротивно на член 8 став 1 алинеа 3 од Уставот на

Република Северна Македонија, кој подрзабира дека во правниот промет треба да постојат јасни и прецизни правни норми кои немаат да оставаат простор за двосмислен начин на толкување или примена. Оставањето на простор за различна интерпретација може да доведе до ситуација различни лица кои побарале остварување на право врз основа на инвалидност, кај кој една професионална болест настапила под различни околности да добијат различен третман, кое, пак, не е во согласност со начелото на еднаквост на граѓаните од членот 9 од Уставот. Останува нејасно дали со оспорената законска одредба се исполнува содржината на член 56 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, односно дали со одредбата чија уставност се оспорува со донесувањето на Правилникот за листата на професионални болести донесен од министерот за социјална политика, демографија и млади се извршува законот. Правилникот за листата на професионални болести е донесен од министерот и објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 118/20, но дилемата поставена во Иницијативата е дали со Правилникот донесен од министерот може да се пропише листата на професионални болести и дали со подзаконскиот акт во форма на Правилник може да се до разработуваат прашањата за извршување на Законот.

Според Иницијативата, одредбата од член 40 став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е во спротивност со начелото на владеење на правото од член 8 став 1 алинеа 3 од Уставот на Република Северна Македонија и член 9 од Уставот, според кој граѓаните се еднакви пред законите.

Во членот 40 став (1) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се дава дефиницијата на професионални болести, според која професионални болести се определени болести причинети со подолго непосредно влијание на процесот и условите на трудот врз работната способност на осигуреникот.

Во ставот (2) од овој член од Законот, се создава основ со подзаконски акт да се пропишува листата на професионални болести.

Самата законска дефиниција на професионални болести ги содржи основните параметри по кои се определува дали одредени болести по својата природа се професионални или не. Исто така, во Правилникот за листата на професионални болести („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 118/20), таксативно се набројуваат професионалните болести, пред секоја од болестите стои шифра на болеста и за секоја од болестите се предвидени услови и критериуми кои треба да бидат исполнети за таа болест да се смета за професионална болест.

Согласно Одлуката за задолжителен обем и содржина на медицинската документација во постапката за остварување права по основ на инвалидност („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 197/14), за утврдување на професионалните болести потребна е експертиза од соодветна установа од Институт на медицина на трудот –Скопје.

Инаку, листата на професионални болести содржана во наведениот Правилник е изготвена од стручни лица од областа на медицина на труд во согласност со Европската листа на професионални болести.

Според наведеното, одредбите од член 40 став (2) во делот „листата на професионалните болести“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување не се во спротивност со член 8 став (1) алинеја 3 и член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи се во исполнение на начелото на владеење на правото и обезбедуваат еднаквост на граѓаните во Република Северна Македонија, поради тоа Владата на Република Северна Македонија предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 40 став (2) во делот „Листата на професионалните болести“ од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на делот „Листата на професионалните болести“ од член 40 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19, 275/19, 31/20, 94/20, 267/20, 67/22 и 79/23).

## Точка 47

Владата ја разгледа Иницијативата од Арбен Саити од Куманово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.200/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 4 од Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/98 и 18/07) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно наводите во Иницијативата, со членот 4 од Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/98 и 18/07), со кој се уредуваат празниците кои се неработни за припадниците на одредена националност или вера, се врши сегрегација на верска односно национална основа, што е во спротивност на принципот на еднаквост и се прави повреда на членовите 9, 18 и 19 од Уставот на Република Северна Македонија.

Согласно член 9 од Уставот, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Со член 18 од Уставот се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Со член 19 пак, се гарантира слободата на вероисповеста. Се гарантира слободно и јавно, поединечно или во заедница со други, изразување на верата. Македонската православна црква, другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот. Македонската православна црква, другите

верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи во постапка предвидена со закон.

Законот за празниците на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 21/98 и 18/07) во членот 4 предвидува дека:

Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови за верниците од православната вероисповед се:
- Бадник, ден пред Божиќ;
- 19 Јануари, Богојавление (Водици);
- Велики Петок, петок пред Велигден;
- 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) и
- Духовден, петок пред Духовден.

Во Република Македонија се празнуваат и неработни денови се:

- Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам за верниците од муслиманската вероисповед;
- 22 Ноември, Ден на албанската азбука за припадниците на албанската заедница;
- 21 Декември, Ден на настава на турски јазик за припадниците на турската заедница;
- Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур за припадниците на еврејската заедница;
- Првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци, според Грегоријанскиот календар за верниците од католичката вероисповед;
- 27 Јануари, Свети Сава за припадниците на српската заедница;
- 8 Април, Меѓународен ден на Ромите за припадниците на ромската заедница;
- 23 Мај, Национален ден на Власите за припадниците на влашката заедница и
- 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците за припадниците на бошњачката заедница.

Во Република Северна Македонија, државните и верските празници се регулирани со Законот за празниците на Република Македонија. Имено, во овој закон се утврдуваат државните празници на Република Македонија и другите празници и се определуваат и неработните денови на празнувањето.
Членот 2 од Законот за празниците на Република Македонија ги уредува државните празници кои се однесуваат и се неработни денови за сите граѓани во државата.

Оспорениот член 4 од наведениот закон, ги уредува верските празници, уредени според припадноста на различните верски заедници (православни христијани, католици, муслимани итн.), но и празниците коишто се од значење за определени заедници во Републиката (албанска, турска, српска, влашка, бошњачка, еврејска и ромска).

Вака уредените одредби им овозможуваат на сите граѓани, без оглед на нивната верска или етничка припадност, еднакви права на празнување на државни, верски и национални празници. Со други зборови, секој има право на неработен ден за своите верски празници, додека државните празници важат за сите подеднакво.

Законот дозволува рамноправно празнување за различни заедници, што само го потврдува принципот на мултикултурализам и почитување на верската слобода и на националното потекло.

Оттука, со неговата примена, се обезбедува инклузивност и почит кон сите религии и етнички заедници, дотолку повеќе што сите граѓани имаат еднаков пристап до неработни денови и еднаков правен режим во однос на празниците.

Притоа, треба да се има предвид дека Уставот на Република Северна Македонија ја гарантира еднаквоста на правата на сите граѓани, но истовремено ги признава и заштитува различните етнички и верски заедници.

Во оваа смисла, Законот за празници е усогласен со правото на верска слобода, ја штити културната и етничката посебност и обезбедува рамноправен третман на различните заедници во општеството.

Со други зборови, правото на неработни денови за одредени празници утврдени со членот 4 од Законот, е само инструмент за почитување на верската и етничката различност, им обезбедува еднаква можност за сите граѓани да ги практикуваат своите верски и национални традиции, не е спротивен на уставниот принцип на еднаквост, не претставува повреда на тајноста на личните податоци, ниту пак е причина за верска или национална сегрегација.
Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека членот 4 од Законот за празниците на Република Македонија е во согласност со членовите 9, 18 и 19 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба.

## Точка 48

Владата ја разгледа Иницијативата од Андриевски Васе од Охрид, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.217/24 за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации, бр.51-6508/1 од 17 ноември 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.154/10) и притоа го утврди следното мислење:

Со Уредба за Националната рамка на високообразовните квалификации се утврдува Националната рамка на високообразовните квалификации, со која поблиску се определуваат профилот, целите и појдовните основи за формирањето на студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии, како и студиските програми за стручното образование пократко од три години.

Министерството за образование и наука, како членка од 2003 година, високообразовните политики ги хармонизира со документите и препораките од Министерските коминикеа од Болоњскиот процес. Со Министерското Коминике од Берлин 2003 и онаа од Берген 2005 година, до 2010 година, се предвидува воспоставување на Национални рамки на високообразовните квалификации, врз основа на што се изготвени и т.н. Даблински дескриптори со кои се опишуваат високообразовните квалификации кои се стекнуваат со завршување на кратките циклуси на студии и трите циклуси на студии. Резултатите од учењето (специфичните дескриптори) се темелат на општите Даблински дескриптори кои се пет:

- знаења и разбирање,
- примена на знаењето и разбирањето,
- способност за проценка,
- комуникациски вештини и
- вештини на учење.

По воспоставувањето на Националната рамка на високообразовните квалификации, земјите членки на Болоњскиот процес изготвуваат т.н. Извештај за самопотврдување со кои потврдуваат дека Националната рамка на високообразовни квалификации е усогласена со Рамката на високообразовни квалификации на Европскиот простот на високо образование (QF-EHEA).

Со донесувањето на наведената Уредба, Министерството за образование и наука во соработка со високообразовните установи, успешно одговори на барањето за воведување на Национална рамка на високообразовни квалификации. По нејзиното донесување сите високообразовни установи во земјата ги преуредија и ре-акредитираа сите студиски програми согласно Уредбата во периодот од 2010-2012 и од тогаш наваму, Уредбата е основа според која се дизајнираат студиските програми на сите циклуси на образование но и наш одговор на обврските од Болоњскиот процес. Во 2013 година беше донесен Законот за националната рамка на квалификации и таа е рамка за квалификации за доживотно учење.

Заради конзистентност во Законот за националната рамка на квалификации, за високообразованите квалификации, сè беше преземено од Уредбата за Национална рамка на високообразовни квалификации и високообразовните квалификации продолжија да се опишуваат со 5-те Даблински дескриптори наместо со 3-те од Рамката за квалификации за доживотно учење.

Во постапката на поврзување (Referencing) на нашата рамка за доживотно учење и самопотврдувањето на рамката на високообразовните квалификации пред Советодавната група за Европска рамка на квалификации (EQF AG) се одбрани со прикажување на компатибилноста на 5-те Даблински дескриптори со 3-те од рамката за доживотно учење како и со начинот на кој квалификациите се вклучуваат во Рамката на квалификации. Поврзувањето на Националната рамка за квалификации со Европската рамка на квалификации и самопотврдувањето на Националната рамка на квалификации на Европскиот простор на високо

образование се вршат по различни критериуми и се објавени и во рамките на Болоњскиот процес и во рамките на Европската комисија.

Националната рамка на високообразовни квалификации има четири нивоа и шест поднивоа и тоа:
- Ниво V, со подниво VA (Стручни студии од 60 до 120 кредити. Кратки циклуси во рамките на првиот циклус на високо образование) и VB (Стручно образование поврзано со првиот циклус на високо образование до 60 кредити), кој соодветствува со ниво 5 во Европската рамка на квалификации;
- Ниво VI, со подниво VIA (Прв циклус на студии, Универзитетски студии 240 кредити, Стручни студии 240 кредити) и VIB (Прв циклус на студии, Универзитетски студии 180 кредити, Стручни студии 180 кредити), кој соодветствува со ниво 6 во Европската рамка на високообразовни квалификации;
- Ниво VII, со подниво VIIA (Втор циклус на студии, Магистерски академски студии) и VIIБ (Втор циклус на студии, Специјалистички студии), кој соодветствува со ниво 7 во Европска рамка на високообразовни квалификации;
- Ниво VIII (Трет циклус на студии, Докторски студии), кој соодветствува со Ниво 8 во Европска рамка на високообразовни квалификации.
Степените на високо образование стекнати пред денот на влегувањето во сила на Уредбата за национална рамка на високообразовните квалификации бр. 51-6508/1, од 17.11.2010 година, споредени со нивоата во Националната рамка на високообразовни квалификации соодветствуваат на:
- На поранешниот степен VI одговара на ниво V (со подниво VA и VB) во Национална рамка на високообразовни квалификации;
- На поранешниот степен VII/1 одговара на ниво VI (со подниво VIA и VIB) во Национална рамка на високообразовни квалификации;
- На поранешниот степен VII/2 одговара на ниво VII (со подниво VIIA и VIIB) во Национална рамка на високообразовни квалификации;
- На поранешниот степен VIII одговара на ниво VIII во Национална рамка на високообразовни квалификации.

Споредувањето на поранешните степени и изведено врз основа на барањата од Даблинските дескриптори кои се преземени како општи дескриптори на нивоата на квалификациите. Па така, заради тоа, поранешниот степен VI одговара на ниво VA.

Согласно Уредбата за Национална рамка на високообразовни квалификации:
- Кратките студии од прв циклус на високообразование се поврзани на Ниво V, со подниво VA (Стручни студии од 60 до 120 кредити) и VB (Стручно образование, поврзано со првиот циклус на високообразование до 60 кредити), кој соодветствува со Ниво 5 во Европската рамка на високообразовни квалификации;
- Студиите од прв циклус на високообразование се на Ниво VI, со подниво VIA (Прв циклус на студии, Универзитетски студии 240 кредити, Стручни студии 240 кредити) и VIB (Прв циклус на студии, Универзитетски студии 180 кредити, Стручни студии 180 кредити), кој соодветствува со ниво 6 во Европската рамка на високообразовни квалификации;
- Студиите од втор циклус на високообразование се поврзани на Ниво VII, со подниво VIIA (Втор циклус на студии, Магистерски академски студии) и VIIБ (Втор

циклус на студии, Специјалистички студии), кој соодветствува со ниво 7 во Европска рамка на високообразовни квалификации;
- Студиите од трет циклус на докторски студии се поврзани на ниво VIII (Трет циклус на студии, Докторски студии), кој соодветствува со Ниво 8 во Европска рамка на високообразовни квалификации.

Согласно член 137 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21 и 58/24):
- Став (3): Стручните студии од прв циклус траат три години и со нивно завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити, освен ако со овој закон не е поинаку одредено.
- Став (4): Во рамките на првиот циклус на стручни студии можат да се реализираат и кратки стручни студиски програми со 60 до 120 ЕКТС кредити.
- Став (5): Со завршување на стручните студии од 60 до 120 ЕКТС кредити се стекнува соодветен стручен назив, во согласност со закон.
- Став (6): Со завршување на стручните студии со 180 ЕКТС кредити се стекнува диплома со додавка на соодветната струка, ако со закон поинаку не е уредено.
- Став (8): Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на првиот циклус на стручни студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните стручни студии од прв циклус, односно на нивото V А за кратки стручни студиски програми од прв циклус со 60 до 120 ЕКТС кредити од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VI, односно ниво V од Европската рамка на високообразовни квалификации.

Имено, кратките студии кои се организираат од страна на универзитетите и високите стручни школи се од различни програми на стручно, односно професионално усовршување имајќи го предвид концептот за доживотно учење и истиве се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето и не се сметаат за студии во смисла на Законот за високото образование*. По завршување на програмите за стручно, односно професионално усовршување се стекнува потврда, односно сертификат кој го издава универзитетот, односно самостојната висока стручна школа.

Според ова, поранешните студии со завршено вишо образование не се сметат како кратки студии, туку врз основа на општите дескриптори се споредливи со нивото VA и како такви се поврзани со Европската рамка на високообразовни квалификации.

Со укинување на Уредбата како што се предлага ќе се предизвикаат сериозни последици како за дизајнирањето на студиските програми и квалификациите со кои се стекнуваат студентите, така и за поврзувањето на Националната рамка со Европската рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека со Уредбата за Националната рамка на високообразовни квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/10), не се повредуваат темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија утврдени во

членовите 8, 9, 25, 32, 44, 46, 47, 50, 51, 54, од Уставот на Република Македонија и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на Уредбата за Националната рамка на високообразовни квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/10).

Со таквото решение Уставниот суд на Република Северна Македонија како и до сега, ќе придонесе кон одржување и развивање на квалитетот на високообразовната дејност, резултат на вклученост на сите засегнати општествени чинители, како клучен за општествениот и економскиот развој на земјата.

## Точка 49

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Друштвото за консалтинг Лански, Ганзгер, Зеќири + Партнер ДОО Скопје, застапувано од управителот Арлинд Зеќири од Тетово, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.214/2024, за поведување постапка за оценување на уставноста на член 3 став 25 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24, 34/24, 135/24 и 185/24) и притоа го утврди следното мислење:

Во врска со горе наведеното Барање на одговор со бр.08-3152/1 се упатува на одредбите од член 47 ставови 5 и 6 од Законот за земјоделство и рурален развој кои гласат:
„(5) Максималниот износ на директните плаќања по корисник може да се ограничи во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток со кои располага корисникот.
(6) Поблиските критериуми од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, корисниците од членот 14 на овој закон по одделни мерки, максималните износи од ставот (5) на овој член и начинот на директните плаќања, годишно ги пропишува Владата на предлог на министерот“.

Со одредбите од член 3 став 25 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24, 34/24, 135/24 и 185/24) која гласи „максималниот износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на земјоделското земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток“ е применета одредбата од ставот (5) од член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој и со одредбата која гласи „вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник од подмерките од оваа уредба не може да биде поголем од 18.450.000 денари по корисник збирно за подмерките: 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.5., 1.6., 1.7., 1.8., 1.9., 1.10., 1.11., 1.12., 1.13, 1.14., 1.15., 1.16., 1.17., 1.18., 1.19., 1.20., 1.21., 1.22. и 1.23. од оваа уредба и 18.450.000 денари по корисник збирно за подмерките 2.1., 2.2., 2.3., 2.4., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12, 2.13., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.18. и 2.19., е применета одредбата од ставот (6) од член 47 од Законот за земјоделство и рурален развој.

Имајќи ги предвид горе наведените одредби од ставовите (5) и (6) со кои се врши примена во предметната Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24, 34/24, 135/24 и 185/24), се отфрлаат наводите дека истата е неуставна и незаконска, поради што не е повредено начелото на уставност и законитост.

Воедно, со оглед на тоа што Уредбата за директни плаќања се однесува на мерките за поддршка на доходот на земјоделските стопанства и не претставува пазарна мерка која директно влијае на положбата на земјоделските субјекти на пазарот, се смета дека не е во спротивност и не ја нарушува слободата на пазарот и претприемништвото.

Согласно Регулативата на ЕУ 32013R1307 распределбата на директната поддршка на приходите меѓу земјоделците се карактеризира со доделување на несразмерни суми за плаќања на мал број големи корисници. Големите корисници, поради нивната способност да управуваат со економии од обем, не го бараат истото ниво на поддршка на единица, за да се постигне ефикасно целта за поддршка на приходите.

Исто така и со новата РЕГУЛАТИВА (ЕУ) 2021/2115 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 2 декември 2021 година согласно член 17 ставови 1 и 5 може да се ограничи износот на основната поддршка на доходот од дадена година во форма на горна граница на поддршката. Одредбата од ЕУ Регулативата е како следи:

„Горна граница и постепено намалување на плаќањата
1. Земјите членки може да го ограничат износот на основната поддршка на приходот за одржливост што треба да се додели на земјоделецот за дадена календарска година. Земјите членки што одлучуваат да воведат горна граница го намалуваат за 100 % износот што надминува 100.000 евра (ЕУР).
5. Проценетиот производ од намалувањето на плаќањата првенствено се користи за финансирање на дополнителната поддршка за прераспределба на приходот за одржливост, доколку е утврден во релевантниот стратешки план на ЗЗП, а потоа и за други интервенции кон производно-неповрзаните директни плаќања“.

Со оглед на тоа што еден од стратешките приоритети на Република Северна Македонија е членството во Европската Унија, како и усогласувањето на европското законодавство со македонското и во овој случај се следат насоките на Европската Унија за директната поддршка на доходот на земјоделските стопанства.

Согласно Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2021-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.16/21) (страни 16, 17, 18 и 19), наведена е анализата на приходот на земјоделските стопанства и влијанието на државната поддршка и директните плаќања како поддршка на приходот на земјоделците, според која крајната констатација е следна: „Што се однесува до правичноста во распределбата на средствата за директни плаќања, од анализата направена за исплатите по програмата за 2018 година, 20% од вкупниот број на корисници на средства кои имаат добиено најмногу средства (17.330 од

86.500) се стекнале со 64,2% од вкупниот износ на исплатени средства (4,3 милијарди денари од 6,7 милијарди денари). Иако распределбата е поизбалансирана од таа на ниво на Европска Унија, сепак постои концентрација на 2/3 од сите средства кај една петтина од корисниците што укажува на оправданост од понатамошни интервенции во постојните методи на распределба на средствата.“

Според тоа, се отфрла тврдењето дека паушално е донесен предлогот за утврдување на вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на земјоделското земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од Уредбата за директни плаќања, согласно мерките за поддршка на доходот на земјоделските стопанства.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата, односно да донесе решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на член 3 став 25 од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/24, 34/24, 135/24 и 185/24).

## Точка 50

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.205/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 161-а став 1 во делот „Управата за животна средина“ од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) и притоа го утврди следното мислење:

Во однос на изнесените наводи во Иницијативата се укажува дека во член 5 став (5) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) е определено основањето на органите во состав на министерствата за вршење на определени управни, стручни и други работи од надлежност на министерството.

Во член 28 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа е определено дека во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање се: Управата за животна средина и Службата за просторен информативен систем.

Согласно член 160 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) се формира/воспоставува Управата за

животна средина, како орган надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, во состав на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина заради вршење на стручни работи во врска со медиумите и областите на животната средина. Во врска со што се дека со одредбата во член 160 од Законот за животната средина се формира/воспоставува Управата за животна средина, со што е определена и самата природа на управата како орган.

Во член 161 од Законот за животната средина се определени надлежностите на Управата за животна средина, како што се: извршување на стручни работи од областа на заштитата на природата; стручни работи во управувањето со отпадот, воздухот, хемикалиите, бучавата и други области на животната средина; врши стручни работи во заштита на водите и почвата од загадување; стручни работи во постапката за оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина и во постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план; го води Катастарот за животна средина и Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики; го води мониторингот на животната средина и врши други работи определени со овој и друг закон. Во врска со што укажуваме дека со одредбата на овој член од Законот за животната средина се определени функциите, односно предметот на работење на Управата за животна средина.

Со одредбата од член 161-а став (1) од Законот за животната средина е определено дека со Управата за животна средина раководи директор, кој по пат на јавен оглас го именува Владата на Република Северна Македонија, додека со одредбата од член 161-б од Законот за животна средина се определени условите за именување на директор на Управата за животна средина, како што се: да е државјанин на Република Северна Македонија; во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; да има минимум пет години работно искуство и да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) ).

Се укажува дека со членовите 161-а и 161-б од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 е регулирано раководењето со Управата за животна средина и условите за именување на директор на Управата за животната средина, а не воспоставувањето на Управата за животна средина, имајќи го предвид содржински наведеното од страна подносителот на Иницијативата.

Врз основа на претходно наведеното, се смета дека не постои основ за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „Управа за животна средина“, член 161-а од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), од следните причини:

Со оспорениот дел „Управа за животна средина“, од член 161-а од Законот за животната средина не се прекршува начелото на владеење на правото, согласно член 8 став (1) алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија; не се прекршуваат гаранции на основните слободи и права согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и не се прекршува организацијата и работата на органите на државната управа согласно одредбата од член 95 од Уставот на Република Северна Македонија.

Со оспорениот дел „Управа за животна средина“, од член 161-а од Законот за животната средина не се прекршува одредбата од член 5 став (3) од Законот за организација и работа на органите на државната управа дека другите органи на државната управа можат да се основаат како самостојни органи на државната управа или органи во состав на министерствата, имајќи предвид дека Управата за животна средина е стручен орган во состав на министерството.

Со оспорениот дел „Управа за животна средина“, од член 161-а од Законот за животната средина не се прекршува одредбата од член 5 став (7) од Законот за организација и работа на органите на државната управа дека управните организации се основаат како самостојни органи на државната управа, имајќи предвид дека Управата за животна средина не е управна организација, туку стручен орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Со оспорениот дел „Управа за животна средина“, од член 161-а од Законот за животната средина не се прекршува одредбата од член 12 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа според која како самостојни органи на државна управа се основаат: Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи; Агенција за иселеништво и Агенција за храна и ветеринарство на Република Македонија став (2) од овој член дека како управни организации се основаат: Државен архив на Република Македонија и Државен завод за статистика, имајќи предвид дека имајќи предвид дека Управа за животната средина е орган надлежен за вршење на стручните работи во областа на животната средина, во состав на органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина согласно член 160 од Законот за животната средина.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 161-а став 1 во делот „Управата за животна средина“ од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18

и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на оваа одредба од Законот.

## Точка 51

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.211/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „количества пропишани согласно со членот 14 на овој закон“, од член 29 став 1 алинеја 1 и делот „мали количини“ од членот 14 став 1 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 199/23) и притоа го утврди следното мислење:

Врз основа на член 14 став 2 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/06, 89/08, 171/10 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на РепубликаСеверна Македонија“ бр.122/21 и 199/23), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство има донесено Правилник со кој ги пропишува количините на семенски и саден материјал од сорти на земјоделските растенија кои не ги исполнуваат условите за трговија, а се наменети за научни цели, селекција, официјално испитување или за инспекциски надзор, а истиот е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 160 од 1.8.2024 година.

Во предметниот Правилник се пропишани количините на семенски и саден материјал кои не ги исполнуваат законски предвидените услови за трговија, но може да се одобри нивен увоз, согласно со членот 14 од Законот за семенски и саден материјал на земјоделски растенија (исклучиво за намена: научни цели, селекција, официјално испитување или за инспекциски надзор).

Утврдените количини во предметниот правилник предвидени при постапување на инспекциските органи се однесуваат исклучиво само за постапување при увоз на семенски и саден материјал кои не ги исполнува условите за трговија, односно не се однесуваат за општите правила за постапување на инспекциските органи при увоз.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли Иницијативата како беспредметна, односно да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на делот „количества пропишани согласно со членот 14 на овој закон“ од член 29 став 1 алинеја 1 и делот „мали количини“ од членот 14 став 1 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/06, 89/08, 171/10 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/21 и 199/23).

## Точка 52

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.204/24 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 211 став 1 точка 24 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/11, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 125/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22) и притоа го утврди следното мислење:

Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на точка 24 од став 1 на членот 211 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11, 123/11, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 125/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22) е без предметна од причини што оспорената точка 24 од член 211 став (1) од Законот за животната средина престанала да важи со Законот за инспекциски надзор во животната средина* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22).

Имено, согласно член 47 од Законот за инспекциски надзор во животната средина* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22) со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат член 194 ставови (6) и (7), 196, 197, 205, 205-а, 206, 207, 207-а, 208, 208-а, 209 и 211 став (1) точките 24) и 25) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), членот 170 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 150/21) и членот 231 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21).

Законот за инспекциски надзор во животната средина* е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/22 на 21 април 2022 година, а согласно член 49 влегол во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, односно на 29 април 2022 година, при што се укажува дека од 29 април 2022 година престанала да важи одредбата на членот 211 став (1) точка 24) од Законот за животната средина, предмет на Иницијативата.

Оттука согласно погоренаведеното, Владата на Република Северна Македонија треба му предлага на Уставниот суд да ја отфрли Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 211 став 1 точка 24 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/11, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 125/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22 и 171/22), како безпредметна.

<u>Точка 53</u>

Владата заклучи:

1. Владата за членови на Советот за македонски јазик, на предлог на претседателот на Советот, а по претходна согласност од министерот за култура и од министерот за образование и наука, ги именува:

- проф. д-р Илија Велев, Институт за македонска литература - Скопје;
- проф. д-р Александра Ѓуркова, Институт за македонски јазик - Скопје;
- проф. д-р Веселинка Лаброска, Институт за македонски јазик - Скопје;
- академик Марјан Марковиќ, Катедра за македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, Истражувачки центар за ареална лингвистика „Божидар Видоески" и Македонска академија на науките и уметностите;
- проф. д-р Михајло Марковиќ, Катедра за македонски јазик и книжевност, Филолошки факултет, Универзитет во Тетово;
- проф. д-р Марија Паунова, Катедра за македонски јазик, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје;
- академик Катица Ќулавкова, Македонска академија на науките и уметностите и
- проф. д-р Гоце Цветановски, Институт за македонски јазик - Скопје.

2. Владата ја именува Ивана Гиновска за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено ѝ утврди коефициент за пресметување на плата.
3. Владата го именува Илија Арнаудоски, за вршител на должноста Капетан на Капетанијата на пристаништата, орган во состав на Министерство за транспорт, досегашен вршител на должноста капетан на Капетанијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата даде согласност на Одлуката на Советот на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија бр.02-423/4 од 6.12.2024 година, со која м-р Слободен Чокревски, се разрешува од должноста директор на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, пред истек на времето за кое е именуван, на негово лично барање.

5. Владата на Даниела Станковска Плачковска, вршител на должноста директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија ѝ утврди престанок на мандатот на нејзино лично барање.

6. Владата го разреши Ицко Ѓоргоски, од должноста член на Управниот одбор на Државниот испитен центар, претставник од Интеруниверзитетската конференција, поради истек на мандатот.

7. Владата ја именува проф. д-р Елизабета Томевска – Илиевска, претставник од Интеруниверзитетската конференција, за член на Управниот одбор на Државниот испитен центар.

## Точка 54

**1.** Владата го разгледа Барањето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, како надлежна институција за подготовка и реализација на Годишната програма за изградба, продажба и стопанисување на станбен простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2025 година, доставено под бр.08-6728/1 од 5 декември 2024 година и го донесе следниот заклучок:

- Им се препорачува на општините во Градот Скопје (Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Чаир, Бутел, Центар, Сарај, Ѓорче Петров, Илинден и Карпош), како и на општините Битола, Охрид, Тетово, Кочани, Гостивар, Крива Паланка, Куманово, Кавадарци, Кичево, Гевгелија, Штип, Струмица, Прилеп, Велес и Струга, во најкраток можен рок, до Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, да предложат локации за изградба на комерцијални станбени објекти и изградба на катни гаражи, со цел поефикасно спроведување на Годишната програма за изградба, продажба и стопанисување на станбен простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2025 година.

**2.** Владата го разгледа Барањето од Српскиот културен центар – Скопје за користење на салата на Националната установа Македонски народен театар, без надомест, на 27 јануари 2025 година, за свечената Светосавска академија, по повод „Денови на Свети Сава – одбележување на националниот ден на Србите во Македонија и ја задолжи Националната установа Македонски народен театар да му овозможи на Здружението Српски културен центар – Скопје користење на салата за прослава на празникот, на 27 јануари 2025 година, без надомест.

**3.** Владата, по повод укажувањето на проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, а во врска со поседување на меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик, ги задолжи сите министерства, кои имаат потреба од изменување и дополнување на законите од својата надлежност по било кој основ, да подготват и до Владата на Република Северна Македонија да достават дополнувања на законите, и во делот каде се утврдени условите за избор/именување на директор, заменик - директор и на други

јавни функции, на тој начин што по условот за поседување на меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик, поединечно дефиниран во посебните материјални закони, да се додадат зборовите „или сертификат и/ или уверение со кој се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија - англиски, француски или германски на најмалку ниво Б2 (B2)“.

4. Владата по повод укажувањето на Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, а во врска со неповолната финансиска состојба во која се наоѓа Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, заклучи Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост и Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост (МЕПСО), да изнајдат начин во рамки на своите можности заедно да обезбедат финансиски средства во вкупен износ од 150.000.000,00 денари, како позајмица за работење на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

5. Владата ја разгледа Информацијата за изменување и дополнување на законите во кои се утврдени коефициенти за пресметка на платите на избраните и именувани лица, судиите, членовите на Судскиот совет, јавните обвинители и на членовите на Советот на јавните обвинители, ја усвои и ги задолжи Министерството за економија и труд и Министерството за правда, имајќи ја предвид тенденцијата на пораст на просечната плата за 2024 година, во однос на просечната плата за 2023 година, да подготват и до Владата да достават изменување и дополнување на законите, на тој начин што ќе се изврши намалување на утврдените коефициенти за пресметка на платата на избраните и именувани лица, судиите, членовите на Судскиот совет, јавните обвинители и на Советот на јавните обвинители, со цел да се спречат дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

6. Владата го разгледа Извештајот за судската пракса на Уставниот суд на Република Северна Македонија, во врска со член 52 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

7. Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Љупчо Димовски, ги информираше членовите на Владата околу распоредот на седниците и предвидените активности на Собранието на Република Северна Македонија до 3 јануари 2025 година.

8. Владата го разгледа Барањето за измена на Заклучокот бр.1 од Двесте и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 декември 2023 година, по Точка 36: „Информација во врска со донесување на Стратегија за паметна специјализација, со текст на Стратегија и Акциски план и заклучи истиот да се измени и да гласи:

1) Ја усвои Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024-2027.

2) Го прифати Акцискиот план (2024-2025) за спроведување на Стратегијата за паметна специјализација на Република Северна Македонија 2024 -2027 година.

Заклучоците под реден број 2 и 3, стануваат заклучоци 3 и 4.

**9.** Владата на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заклучи:

1) Се препорачува на сите органи на државната управа, со цел да не се предизвикаат дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија, да не вршат исплата на 13-та плата за 2024 година, регулирана во членот 105 став 4 од Законот за работните односи.

2) Се препорачува на јавните претпријатија основани од Владата и правните лица во сопственост на државата, со цел да не се предизвикаат дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија и врз финансиските средства обезбедени од сопственото работење, да не вршат исплата на 13-та плата за 2024 година, регулирана во членот 105 став 4 од Законот за работните односи.

**10.** Владата по Предлогот за именување на членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, заклучи:

1. Од должноста претседател, заменик-претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, се разрешуваат:

а) од претседател
- Јасмина Петковска, член на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање,

б) од заменик -претседател
-Анастасија Трајковска, член на предлог на Министерството за култура и туризам

в) од членови:
- Ирена Стефоска, член на предлог на Владата на Република Северна Македонија,
- Влатко Трпески, член на предлог на Управата за животна средина,
- м-р Ана Алексова Тутковска, член на предлог на Управата за заштита на културното наследство,
- Славица Гашоска, член на предлог на Туристичката асоцијација во Охридскиот Регион (Здружение на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови – ХОТАМ – Охрид),
- Анита Пејчиноска Танеска, член на предлог на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид,

- Дарко Презоски, член на предлог на Националната установа Музеј „д-р Никола Незлобински" – Струга,
- Мирјана Топузоска, член на предлог на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје и
- Мишко Ралев, член на предлог на Националната комисија за УНЕСКО,

2. За претседател, заменик-претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион да се именуваат:

а) за претседател:
- Беса Татеши, член на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање

б) за заменик - претседател:
- Исмет Садику, член на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина

в) за членови:
- Оливер Стефаноски, член на предлог на Владата на Република Северна Македонија
- Горан Патчев, член на предлог на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Охрид,
- Зоран Алтипармаков, член на предлог на Министерството за култура и туризам,
- проф.д-р Вероника Шендова, член на предлог на Националната комисија за УНЕСКО,
- Данче Аџиоски, член на предлог на Националната установа Музеј „д-р Никола Незлобински" – Струга,
- м-р Владо Муковски, член на предлог на Националната установа Национален конзерваторски центар – Скопје,
- д-р Дејан Ристовски, член на предлог на Управата за заштита на културното наследство,
- Зоран Михајловски, член на предлог на туристичката асоцијација во Охридскиот Регион (Здружение на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови - ХОТАМ - Охрид) и
- проф. д-р Славчо Христовски, Институт за биологија, Природно – математички факултет, Скопје.

Согласно ова, се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да подготви решение за разрешување и именување на претседател, заменик - претседател и членови на Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, кое да се смета за донесено на оваа седница на Владата.

**Точка 55**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за арбитражна постапка водена меѓу компанијата Укрспецекспорт од Украина и Министерство за одбрана на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Државното правобранителство на Република Северна Македонија, да се произнесе по однос на Изјавата за компензација помеѓу Министерство за одбрана на Република Северна Македонија и Државното претпријатие за извоз и увоз на производи и услуги за посебни воени намени Укрспецекспорт и да даде согласност на Министерството за одбрана да ја отпочне постапката за исплата по арбитражната постапка, водена меѓу компанијата Укрспецекспорт од Украина и Министерство за одбрана на Република Северна Македонија до 15.12.2024 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, да отпочне постапка за спроведување – извршување на арбитражната постапка водена меѓу компанијата Укрспецекспорт од Украина и Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, по добиената согласност од Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

3. Се задолжува Министерството за одбрана, да ја информира Владата за постапката и текот за спроведување на извршувањето на арбитражната одлука.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународната операција на Европската Унија „АЛТЕА“, во Босна и Херцеговина (усогласена со Секретаријатот за законодавство), ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја разгледа Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и Елфет Исмаили, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Елизабета Чуповска Ристова, државен секретар во Министерството за одбрана и Милан Андоновски, раководител на сектор во Министерството за одбрана.

## Точка 59

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

* * *

Владата на Република Северна Македонија на Триесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2024 година по однос на точка 59: Предлог - одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година ја донесе без забелешки Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2024 година.

Со оглед дека по завршување на седницата на Владата е укажано дека е потребно дополнително усогласување на Министерството за транспорт, реализирана е Одлуката, прикачена  на 11 декември 2024 година.

## Точка 60

Владата ја разгледа Информацијата за издавање на државна гаранција на обврските на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми Национални шуми П.О. - Скопје кои произлегуваат од Договорот за одобрување на долгорочен кредит од Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за издавање на државна гаранција на обврските на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ П.О. - Скопје кои произлегуваат од Договорот за одобрување на долгорочен кредит од Комерцијална банка АД Скопје, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 61

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за Програмата за обновлива енергија ЕСМ - Компонента II: ФЕ Битола 2 и Компонента III: Ветерен парк Богданци - фаза 2, кој ќе се склучи меѓу Кредитната банка за обнова – КФВ и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 62**

Владата го разгледа Предлогот на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Унгарската експорт - импорт банка приватно друштво со ограничена одговорност по Договор за заем за буџетско финансирање и финансирање на општи цели, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2024 година.

**Точка 65**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата за Инструмент помеѓу Европската Унија претставувана од Комисијата и Република Северна Македонија претставувана од Владата на Северна Македонија, за посебни аранжмани за спроведување на поддршка од Унијата за Република Северна Македонија, во согласност со Инструментот за реформи и раст и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата за Инструмент помеѓу Европската Унија претставувана од Комисијата и Република Северна Македонија претставувана од Владата на Северна Македонија, за посебни аранжмани за спроведување на поддршка од Унијата за Република Северна Македонија, во согласност со Инструментот за реформи и раст да се достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и главен преговарач со Европската Унија, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и доц. д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, а за повереници Андреј Лепавцов, директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Христина Конеска Бероска, државен советник во Министерство за европски прашања.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за формирање на Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Совет за рамномерен регионален развој на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Соединетите Американски Држави, со седиште во Тотова (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 68**

Владата ги разгледа информациите за Единаесеттиот и Дванаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација, помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, одржани на 23.9.2021 година и 9.3.2023 година и Информацијата за подготовка на Тринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 17 декември 2024 година во Скопје и хибридно, со прилози и ги усвои со следните заклучоци:

1. Се определува Есма Адиловиќ Фазлиќ од Министерството за јавна администрација за копретседавач на Специјалната група за реформа на јавната администрација.

2. Се задолжува ко-претседавачот на Специјалната група за реформа на јавната администрација во координација со Министерството за европски прашања, врз основа на номинациите добиени од институциите, да го определи составот на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Тринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, што ќе се одржи на 17 декември 2024 година во Скопје и хибридно, најдоцна до 13 декември 2024 година.

3. Се задолжува Министерството за јавна администрација да организира подготвителен состанок, во насока на соодветна подготовка на Делегацијата на Република Северна Македонија која ќе учествува на Тринаесеттиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација, што ќе се одржи на 17 декември 2024 година во Скопје и хибридно, најдоцна до 13 декември 2024 година.

4. Се задолжува Министерството за европски прашања да го достави пишаниот позадински материјал на англиски јазик до Европската комисија, веднаш по усвојувањето од Владата.

**Точка 69**

Владата го разгледа Предлог - решението за формирање на работна група за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за формирање на работна група за воспоставување на модел за национален механизам за проверка на странските директни инвестиции, со заклучок Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за финансии, веднаш да номинираат свои претставници за член и заменик на член кои ќе учествуваат во работната група.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања во најкус можен рок, а не подоцна од 16.12.2024 година, да свика прв состанок на работната група.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на ревидирана листа на инфраструктурни проекти во рамки на Реформската агенда, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи сите министерства да се изјаснат во рамки на своите проекти и надлежности по однос на ревидираната листа на инфраструктурни проекти во рамки на Реформската агенда, најдоцна до 24 декември 2024 година, а за истото да го информираат Министерството за европски прашања.

Исто така, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да даде мислење/забелешки по однос на ревидираната листа на инфраструктурни проекти во рамки на Реформската агенда.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за соработка за прашањата поврзани со интеграцијата во Европската Унија помеѓу вицепремиерката за европски и евроатлантски интеграции – министерка за правда на Украина и главна преговарачка за членство на Украина во Европската Унија и министерот за европски прашања и главен преговарач за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка за прашањата поврзани со интеграцијата во Европската Унија помеѓу вицепремиерката за европски и евроатлантски интеграции – министерка за правда на Украина и главна преговарачка за членство на Украина во Европската Унија и министерот за европски прашања и главен преговарач за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија.

2. Се определува м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Меморандум за соработка за прашањата поврзани со интеграцијата во Европската Унија помеѓу вицепремиерката за европски и евроатлантски интеграции – министерка за правда на Украина и главна преговарачка за членство на Украина во Европската Унија и министерот за европски прашања и главен преговарач за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за преземени дејствија на работната група за изнаоѓање на решение за воспоставување на единствен регистар на сите патнички моторни возила во државна и општинска сопственост и утврдување на начин истите да добијат специјални таблици, односно таблици во боја и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена да изврши дополнување на Правилникот за формата и содржината на Образецот на барањето за издавање на пробните таблици, формата и содржината на регистарските таблици и на пробните таблици на возилата, како и начинот и постапката на нивно издавање.

2. Се задолжува Министерството за економија и труд во рок од 30 дена да формира работна група која ќе изготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за возила, со оглед дека надлежно за доставување на Предлог на закон до Владата на Република Северна Македонија е Министерството за економија и труд.

3. Се задолжува Министерството за економија и труд во рок од 90 дена до Владата на Република Северна Македонија да го достави Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за возила.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на животната средина и просторното планирање за 2024 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:10 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **Игор Јанушев** | **проф. д-р Христијан Мицкоски** |